SCOUTS®

Создаваме подобар свет

Годишен Извештај

За работата на Сојузот на извидници на Македонија во 2018 година

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија



Почитувани,


Овој извештај ги содржи активностите на СИМ, неговите органи и неговите членки, кои определени настани и активности ги пријавиле и спровеле во името на СИМ во периодот од 01.01.-31.12.2018 год. Во периодот 2017-2018, Сојузот броеше 23 членки од кои 16 полноправни и 7 придружни. Членството на СИМ достигнува бројка од над 2000 извидници.

Мисија

Мисијата на Сојузот на извидници на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Визија

Сојузот на извидници на Македонија е релативна, атрактивна и самоодржлива организација која обединува млади луѓе преку современа и прогресивна програма која ги исполнува општествените потреби на младите во Р. Македонија и го гради нивниот карактер брз база на позитивните извиднички вредности и принципи.



Основни активности на Сојузот на извидници на Македонија

- Неформално образование за младите луѓе користејќи го извидничкиот метод.
- Атрактивна програма за млади со многу активности во природа кои ќе обезбедат развој на интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерно и емотивен аспект на секој млад човек.
- Промовирање на активно граѓанство.
- Промовирање на младински активизам и иницијативизам.
- Поддршка во развој на заедницата на локално и национално ниво.
- Промоција и практикување на демократија и човечки права преку стимулативни средби и процеси.
- Поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции.

Таргет група (целна група)

Членови на Сојуз на извидници на Македонија се: деца, млади луѓе и постари луѓе. Со комплетирање на програмата на одредите и Сојузот на извидници на Македонија тие земаат активно учество во активности во нивната заедница и помагаат во зголемување во квалитето на живеењето.


Листа на извиднички (поречански) одреди регистрирани во периодот **2017-2018** година:

1. И.П.О. Галеб - Скопје
2. И.П.О. Јадран - Скопје
3. И.О. М.М.-Брицо - Скопје
4. И.О. Браќа Миладиновци - Скопје
5. И.О. Илинден - Скопје
6. И.О. Скаут - Куманово
7. И.О. Димитар Влахов - Скопје
8. И.О. Гоце Делчев - Св.Николе
9. И.П.О. Крсте Јон - Струга
10. И.О. Мирко Милески - Кичево
11. И.Е.О. Пионер - Охрид
12. Прв Скопски Извиднички Одред – Скопје
13. И.О. Н.Н.- Борче - Крива Паланка
14. И.О. Феникс - Прилеп
15. И.О. Ластовица - Кочани
16. И.О. Калкан - Тетово

Придружни членки

1. И.О. Стара Корија - Крушево
2. И.П.О Сидро – Скопје
3. И.О. Еквинокс - Штип


3 настани
за вмрежување
на членство
Извидничка лига
10 кола/кампови
Европска
извидничка
академија
358 учесници
47 иницијативи
на локално ниво
12та македонска
извидничка смотра
17 држави, 1214 учесници
Регионална
средба на
ровери
57 учесници
5 тренинзи
за градење
на капацитети
Извидници
каравани во
5 нови градови
11 младински
политики
на локално и
национално ниво
Посетени
интернационални
тренинзи 16
4211
мејлови
5%
раст
Волонтерски
часови 87320
2255
членови
212 волонтери
26 одреди
17 градови
51,4%
женски
8.1%
91.9%
македонци
48,6%
машки
1 развиена
програма за
интеркултура
национални
проекти 12



Сојуз на извидници на Македонија

SCOUTS
Создавање подобар свет

Работата на органите на Сојуз на извидници на Македонија и нивните членови

Собрание на СИМ

Редовно годишно Собрание

Собранието на Сојузот на Извидници на Македонија се одржа на ден 12.04.2018 година во манастирот во с.Катлановска Брезица.
На Собранието беа присутни вкупно 44 делегати од 14 извиднички оидреди од целата република како и останати гости.
На седницата на собранието се презентираа годишниот извештај и финансиското работење од страна на Генералниот секретар за работата на извршната канцеларија во 2017 година и истите беа едногласно усвоени. Како препорака се достави спојувањето на финансиските извештаи од работата на Сојуз на извидници на Македонија и Извиднички центар Охрид во еден заеднички извештај.
Како статутарна промена беше изгласана промената на официјалната адреса на улица "Кукушка 4А".
Додатно се усвои примената на албанскиот јазик при внатрешна и надворешна страна со чинители, покрај веќе користените македонски и англиски. Употребата на албанскиот јазик е дел од комуникациската стратегија на организацијата донесена во 2016 година.
Со двегодишно активно реализирање на програмата, исполнувајќи ги условите за членство, за полноправна членка во Сојуз на извидници на Македонија едногласно беше изгласан Извидничкиот одред "Ластовица" од Кочани.
Оформени во 2017 година, извиднички одред "Еквинокс" Штип, поднесе пристапница за придружна членка во организацијата и истата беше прифатена од сите делегати.
На крајот беа презентирани тековните проекти за 2018 година и плановите. Акцент се стави на 12тата Македонска извидничка смотра и вклученоста на одредите во организација и имплементација на истата. Се презентираа плановите за тимови, работи, комуникација итн.

Старешинство на СИМ

Во оваа 2018 година Старешинството на СИМ оддржа 7 (40% повеќе од 2017 година) седници преку кои управното тело на Сојузот на извидници на Македонија успешно ја водеше организацијта и носеше одлуки во својот домен дефиниран со Статутот на СИМ. Додатно се реализираше и работен викенд во извидничкиот центар Охрид, каде старешинството ја ревидираше работата на организацијата и имплементираше самоевалуација . Додатно се креираше и акциски план за реализирање на активности во период 2018-19.

Старешинството функционираше во состав:
Старешина на СИМ (од 2013 година): Огнен Стефановски
Членови: Јане Илијески, Снежана Јанковиќ, Бобан Москов, Влатко Влахчев, Елвис Тодоровски, Миќо Стојановски.

Седниците на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија траеа вкупно 22 часа или во просек една седница траеше 3 часа. Членовите на Старешинството покажаа редовност и посветеност во текот на годината така што 4 членови на старешинството немаат пропуштено седница. Еден од членовите присуствувал само на едно од одржаните седници и отсуствувал на сите други поради работни обврски. Редовноста и посветеноста овозможи старешинството да функционира редовно без проблеми да се оствари кворум за работа. Од свиканите седници од Старешината, само едно е откажано поради немање на кворум. Најчеста точка на дневниот ред на седниците на Старешинството во 2018 година беше – 12та Македонска извидничка смотра во организација на Сојуз на извидници на Македонија.
Во 2018 година Старешинството беше постојано вклучено во следењето на имплементацијата на Стратегијата на СИМ и во имплементирањето на проектните активности. Во јули 2018, се отпочна со реализација на проектот "Јакнење на корените" во кој главна улога се членовите на старешинство чија цел е зајакнување на тимот, поделба на обврски согласно личните профили, зголемување на ефикасноста на работа. Проектот ќе се реализира до јуни 2019 година.

Биро на СИМ

На самиот почеток на тековната година нако една од основните задачи на Бирото на Сојузот на извидници на Македонија е спроведување на постапката околу годишната регистрација на извидничките одреди кои функционираат во рамките на СИМ. Согласно Статутот и Правилникот за регистрација на извидничките и извидничко - поречанските одреди во СИМ секој одред полноправен член запишан во единствениот регистар на СИМ има обврска да ја обнови регистрацијата најдоцна до 31 Март. Заклучно со оваа дата само 9 одреди имаа доставено барање за обновување на регистрација, од кои што пет беа комплетни.

Настанот „Сојузување" се одржа во периодот од 09 до 11 февруари 2018 година, во Извиднички Центар Охрид, кадешто беа презентирани планот на активности и самите активности на Бирото за тековната 2018 година. Потоа, следуваше Школата за водачи каде беа обработени темите кои што се предвидени во Стратегијата за обука на кадри на СИМ и сите учесници успешно ја завршија истата.

Бирото исто така изврши посети на некои од извидничките одреди во Македонија, како: И.О. „Башкими" во с. Строгомиште. И.о. „Димитер Влахов" – Велес (по повод 66 години од формирање и постоење на одредот) како и на неколку интернационални настани во Турција – Euro-Arab meeting и гостувањето во Србија – Нови Пазар.

Како едно од најважните работи оваа година е воспоставувањето на Тренинг структурата каде што се определуваше рамката за организација за тренинг за основи на извидништвото, тренинг за нови водачи и нови одреди.

Потребно е да се напомене дека најголем проблем околу функционирањето на Бирото е недостатокот на комесари (односи со јавност, обука и кадри, литература и издаваштво). Најголемиот дел од ова е покриен од страна на секретаријатот – канцеларијата на СИМ.

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Генерален секретар на СИМ

Во 2018 година, канцеларијата на СИМ работеше согласно прописите и правилата, давајќи им поддршка на останатите органи на СИМ, вршејќи ја својата административна и финансиска должност.
Главен фокус на канцеларијата во 2018 година беше 12тата македонска извидничка смотра, како и целото позатинско работење за реализација на истата. Работата подразбираше програмско организирање и координирање, административно работење, прибирање на финансии, маркетинг, брендирање, работа со странски контингенти, логистичка поддршка, припрема, прибирање на спонзорства, комуникација со чинители и друго.
Од финансиски аспект како тело кое во моментов е задолжено за прибирање на финансии и финансиското работење на извршните тела на Сојузот на извидници на Македонија во 2018 година беа остварени приходи повеќе од вообичаеното, главно поради реализација на смотрата со повеќе од 1200 извидници.
Додатно фокусот се стави и на ширење на извидништво со акцент на стратегијата за раст на организацијата. Како резултат на работата, се креираа два извидnички одреди во Виница и Битола, додека се направени фокус групи за понатамошна работа во Гевгелија, Кавадарци и Дебар.
Горан Ѓорѓиев, го прекина својот ангажман како генерален секретар инеговото место од јули 2018, го завзема Владимир Костовски, дотогашен асистент на генералниот секретар.
Додатно, за успешна реализација на програмските активности, проекти, смотра и настани, беа ангажирани:
Никола Уневски - Асистент за логистика; вработен
Павел Пападимитров - Брендинг и дизајн; вработен
Виктор Петрушевски - Раководител на Извиднички центар Охрид, до декември 2018;
Сања Јорданоска – финансии, до јули 2018;
Емилија Јакимовска – комуникација, до ноември 2018;
Кевин - Француски волонтер за меѓународна соработка; до декември 2018;
Мег - Француски волонтер за меѓународна соработка; до август 2019
Алекс Фам - Волонтер од Мировен Корпус за организациски раст; тековен

Надзорен одбор на Сојуз на извидници на Македонија

Надзорниот одбор држеше седници и репортираше пред Собранијата.
Членови на Надзорен Одбор:
Никола Гроздановски,
Драган Ристовски и
Живко Миладинов.

Управител на Извидник ДООЕЛ

Извидничкиот Центар Охрид, кој воедно претставува и најголем извиднички центар во сопственост на СИМ, и оваа година беше централно место за реализирање на дел од настаните и обуките на Сојузот на Извидници на Македонија. Извидничкиот Центар Охрид беше расположлив за сите планирани активности кои беа дел од Смотрата на СИМ, како и кампови за припрема на волонтерскиот тим пред смотрата.
Исто така, треба да се напомене дека ИЦО беше домаќин и на неколку меѓународни извиднички активности поврзани со диверзитет и инклузија, промоција на ГСАТ алатката како и меѓународни кампови во организација на други невладини организации.
Извидничкиот центар во Охрид оваа година оствари успешна година, со центарот менаџираше канцеларијата на СИМ на чело со Виктор Петрушевски како управител на ИЗВИДНИК ДООЕЛ.
Во Извидничкиот Центар во Охрид годинава земаа учество 36 волонтери од скоро сите одреди од Македонија, кои активно придонесоа во развојот на програмата и дел од операциите во него.
Во Центарот годинава се извршија инвестиции со цел зголемување на капацитетот на леглата како и целосна обнова на колекторскиот систем и системот за снабдување на топла вода во групните тоалети.

Извидничкиот центар Охрид финансиски не ја постигна предвидената рамка.

Годишен план на активности на СИМ за 2018 година

Традиционални и тековни активности

Направи добро дело

Како и секоја година, Сојузот на извидници на Македонија ги започнува своите активности со Денот на извидниците, односно 22ри Февруари.

Традиционално ги оддржуваме нашите 3 активности:

- Организирање на активности за најмладите членови

- Дарување на крв - во соработка со Црвен Крст на Македонија

- Направи добро дело (хуманитарни активности) - поддржано од Civica Mobilitas

Одбележувањето се оддржа на 24.02.2018, по повод Светскиот ден на извидниците, во Градскиот Парк беа организирани разни забавни активности и игри, меѓу кои и главната кжактивност - Лов на богатство. На настанот беа присутни повеќе од 100 извидници и покрај ладното време, настанот помина одлично.

Дарувањето крв од неодамна стана наша традиција и горди сме да кажеме дека секоја наредна година не има во се поголем број. Активноста се оддржа во соработка со Црвениот Крст на Македонија, во повеќе градови низ републиката и акцијата беше многу успешна со тоа што крв даруваа повеќе од 150 извидници и пријатели.

Најголемата активност при организирање на 22ри февруари беше активноста Направи добро дело која беше низа од хумани активности организирани од страна на нашите одреди а поддржани од Messengers of Peace.

Хуманите акции поминаа во најдобар можен ред и беа многу успешни. Речиси сите одреди учествуваа во активноста а дел од активностите беа:

- Посета и хранење на незгрижени кучиња,
- Собирање донации за социјално загрозени фамилии,
- Спремање храна и делење на бездомни лица низ градот,
- Делење колачиња со порака,
- Еко акција за загадениот воздух и др.


ДЕЛО
SCOUTS


ДЕЛО
SCOUTS


ДЕЛО
SCOUTS


Thank You!
ДЕЛО
SCOUTS


ДЕЛО
SCOUTS


ИЗВЕЩНИЦИ
SCOUTS


ДЕЛО
SCOUTS

направи ДОБРО ДЕЛО

11 одреди
6 градови

19 добри дела

100+ крводарители

40+ најадени и погалени кученца

30+ згрижени фамилии

50+ нахранети бездомни лица

200+ среќни деца

170+ сендвичи

120+ колачиња

100+ направени и испиени чаеви

150+ флаери и маски

50+ пакети храна

директно опфатени 1300+ луѓе

Messengers of Peace

SCOUTS

Создаваме подобар свет

12та Смотра на СИМ

Во периодот од 14 до 22 јули 2018 во Охридското село Скребатно се одржа 12-та Македонска извидничка смотра која е во организација на Сојузот на извидници на Македонија, а на која учество земаа над 1.000 извидници од Македонија и од 16 други земји: Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Израел, Молдавија, Русија, Словачка, Словенија, Србија, Украина, Франција, Хрватска, Црна Гора, Чешка и секако, Македонија.

Овој извидnички настан од интернационални размери се одржува на секои пет години, додека негов генерален покровител и оваа година беше Претседателот на Република Македонија, г. Ѓорге Иванов. На отворањето присуствуваа и Амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Македонија г- дин Џес Бејли, Конзулот на Република Франција во Македонија г-дин Ерик Пенже како и Бригадниот Генерал на АРМ Орце Јордев. Со помош на невладините организации и добронамерните партнери и спонзори, Сојузот и оваа година организираше извонреден еднонеделен настан, каде заинтересираните посетители можеа да го посетат истиот секој ден од 10 до 19 часот, како би можеле одблиску да се запознаат со извидничките вредности и со културите на извидничките одреди ширум Европа.

Локацијата на овогодинешната бесконечна приказна беше Охридското село Скребатно и неговата околина. Самата локација и теренот нудат голем број на можности за извидnички авантури и забава. Планинскиот терен и околина на селото нудат прекрасен терен за копнените активности кои беа дел од програмата, како планинарење, хајк, качување по карпа, потрага по богатство, додека непосредната близина на кампот до Охридското Езеро и реката Црн Дрим овозможија реализација на доста водени активности како, пливање, нуркање, едрење, рафтинг и многу други, но секако и можност за запознавање на извидниците со убавините кои ги нуди Охридскиот регион.

Соодветно на можностите кои ги нуди оваа локација, годинава извидниците имаа можност да ги испробаат и надградат своите вештини на шест локации, во 100 работилници, кои беа поделени во четири клучни области:

- Извидnички вештини;

- Природа и авантура;

- Забава и предизвици;

- Култура и традиција; и



- SDG (Sustainable Development Goals) селото, односно т.н село каде извидниците се запознаа со Целите за одржлив развој, како би научиле на кој начин и каде можат да придонесат за создавање на еден подобар, поздрав и поодржлив свет за сите нас.

Еден од најголемите настани кој е дел од агендата на Сојузот на извидници на Македонија е токму Смотрата. Првата извидничка смотра во Македонија се одржала во далечната 1958 година на Езерото Младост во близина на Велес, додека оваа 2018 година, се одржува 12-тата по ред.














SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS

Европска извидничка академија

Оваа година ја имавме честа да бидеме домаќини на еден од најатрактивните и наједукативните настани, Европската Извидничка Академија. На академијата учествува околу 220 учесници од 37 држави кои имаа можност да посетат сесии како: Стратегија за развој, Дивезитет и Инклузија, Нови извиднички методи, Охрабрување на младите итн. Настанот се одржа во Хотел Континентал од 30 октомври до 4 ноември, каде што покрај едукативниот дел, учесниците имаа можност да се запознаат со различните култури и да пробаат различна храна односно интернационална вечер каде сите учесници ја презентираат својата држава и својот сојуз. За време на академијата имаше и национална вечер каде што домакините се презентираа со национални танци, храна и пијалоци. Мора да напоменеме дека на академијата присуствуваа и 30 волонтери од повеќе извиднички одреди од Македонија кои безпрекорно се докажаа во областа на логистика, без кои оваа академија немаше да биде успешно организирана.









Младинска Академија 2.0

Младинската академија 2.0 - Цели за одржлив развој, се одржа во Извидничкиот Центар во Охрид од 4 до 9 Април 2018 год. На овој настан се обработуваа темите од Целите за одржлив развој преку креативни работилници и активности. Учесниците имаа можност да посетат работилници како: - Добро здравје и сексуална едукација, - Онлајн безбедност, - Родова еднаквост, - Намалени нееднаквости, - Пермакултурна градина и - Извидничката улога во биодиверзитетот. - Инклузија и диверзитет, - 'Паметни' градови, - Зелена енергија, - Што за вас значи 'мир'? и др. Младинската академија е настан поддржан од РЕЦ Македонија и Austrian Development Agency.



Извидничка Лига

Како и претходната, Извидничката Лига беше еден од главните настани и за оваа календарска година. Одржана на 10 локации, на која учествуваа повеќе од 400 извидници и повеќе од 120 волонтери и награди за најдобрите во сите категории. Колата беа од типот: Ориентација во природа, Урбана орентација, Полигон, Ноќна ориентација и Едукативно коло.

Победници во категоријата Ровери се: Анастасија Антова, Марио Неделковски, Моника Спасовска, Огнен Бошковски и Симона Атанасовска. Во категоријата Истражувачи: Андреј Антов, Виктор Цековски, Маја Мојсоска и Марко Матевски. Во најмалата категорија Извидници: Александар Трајчев, Ана Ладева, Ангел Спасовски, Кристијан Китанов и Тијана Саздева, додека во категоријата Одреди победи извидничкио поречанскиот одред Јадран од Скопје.

Датум	Одред	Место
01 Април	ИО Феникс	Прилеп
20 - 22 Април	ИПО Јадран	Скопје
04 – 06 Мај	ИО Браќа Миладиновци	Градовци
18 – 20 Мај	ИО Гоце Делчев	Свети Николе
10 Јуни	ИПО Галеб	Скопје
15 – 17 Јуни	ИО Пионер	Охрид
24 – 26 Август	ИО ММ Брицо	Говрлево
7 – 9 Септември	ИО Димитар Влахов	Голозинци
28 – 30 Септември	ПСИО	Мала Река
11 – 14 Октомври	ИО Скаут	Пелинце




SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS


SCOUTS





Развивање на тренинг рамка со АСОЦИО

Сојузот на извидници на Македонија учествуваше во работен викенд со преставници од Asocio. На состанокот се презентираше 10 годишната соработка помеѓу нашите две организации, постигнатиот заеднички напредок и можноста за продлабочување во наредните години.

Во наредниот период се разгледуваше можноста за воспоставување на новиот тренинг систем и се работеше на изнаоѓање на најдобрите пракси и практики за подобрување на Тренинг системот во нашата организација. Потоа, како дел од настанот Сојузување, учесниците под менторство на Asocio развиваа нова тренинг структура на СИМ. Во наредниот период, тимот ќе се фокусира на детализирање на рамката и креирање методологии.













Идентификување на потребите на младите и граѓаните

Како дел од проектот Младинско учество преку извидништво, последните два настани беа одржани во 2018 во два града, Кочани и Крива Паланка.
Извидниците од Кочани, го поставија банерот за идеи на плоштадот во центарот, каде граѓаните го искористија сончевото време и ги запишуваа своите идеи за поубав град.

По успешно завршените денови за идентификување на потребите на младите и граѓаните во 5 општини, во рамките на проектот "Младинско учество преку извидништво", на барање на извидниците од И.О. "Наум Наумовски Борче" се реализираше отворен ден за собирање на идеи за младите во Крива Паланка. Идеите им послужија за креирање на младински политики и иницијативи на локално ниво во наредниот период.









По идентификувањето на потребите на младите во тие градови и стекнатото знаење на Младинската Академија, младите имаа можност да ги имплементираат своите идеи и иницијативи во нивните општини. Иницијативите беа поврзани со „SDG" целите на Обединети Нации, за подигање на граѓанската свест во различни сфери како „Zero hunger", „Quality of life", „Hate speech" итн.

Првата, од низата акции се одржа во Скопје каде извидниците од ПСИО ги пребојуваа ѕидовите и ги прецртуваа пораките со говор на омраза.
Во Прилеп, извидниците продолжија со акции за подигнување на еколошката свест. Тие ја чистеа и пошумуваа околината на манастирот „Св. Димитриј" во с. Селце.
Извидниците од Охрид, за зголемување на свеста за гладта, зготвија и дониpаа храна на социјално загрозени фамилии, а во Кочани, извидниците креираа кампања за здравата исхрана и делеа овошје во основните училишта во градот.

Проектот „Младинско учество преку извидништво" беше поддржан од УСАИД и Civic Engagement Project-Macedonia.











USAID
SCOUTS


USAID
SCOUTS






Резултати од проектот „Младинско учество преку извидништво"
2018 - Резултати по завршувањето
2017 - Резултати пред започнувањето
496
26
18
277
105
6
4
8
42
210
0
4
15
0
1
2
2
0
2018
2017
500
100
50
100
100
5
5
10
25
таргет
SCOUTS

Извиднички каравани

Уште една година исполнета со многу каравани и многу патувања низ државата. Продолживме да растеме и да го шириме и развиваме извидништвото во Македонија. Извидничките каравани претставуваат концепт/алатка за развој на извидништвото, дел од стратегијата за раст на организацијата.

Првиот караван за годината беше реализиран во Виница (18 мај), настан исполнет со активности, практикување на извидништво и забава, младите од Виница се запознаа со извидниците и нашата програма.

На 6 Јуни реализиравме дводневен извиднички караван. Првиот дел од караванот граѓаните и извидниците од Кавадарци имаа можност да ги искусат извидничките игри и активности и да се запознаат со извидничкото движење на кој присуствуваа повеќе од 400 деца, додека вториот ден, заедно со локалната самоуправа беше реализиран и нацртан 3Д пешачки премин пред О.У. Страшо Пинџур, за зголемување на свеста кај возачите и зголемување на безбедноста на децата.

На 13 Јуни се одржа Извидничкиот караван во Битола, каде учениците од училиштето „Rosetta Stone" имаа можност да се запознаат со извидничкото движење и да поминат неколку забавни часа со нас.

Соработката во Битола ја продолживме и на 15 октмоври каде на отвореният ден младите повторно имаа можност се запознаат со извидништвото, животни вештини и да поминат забавно време со маалски игри со кои се промовираат активности за интеркултура и тимска работа. *Настанот беше во рамките на проектот "Градење на културни мостови помеѓу младите од Источна и Западна Македонија" поддржан од Фондација Отворено општество – Македонија.*

Како дел од проектот, на 22 октомври ја посетивме и Гевгелија каде со учениците од О.У. Владо Кантарџиев поминавме ден исполнет со многу игри и учење на основни извиднички вештини.

На 23 октомври за прв пат во Дебар, реазилзиравме низа активности заедно со учениците од средното училиште 28-ми Ноември.

На 26 октомври беше последниот од низата каравани за оваа година. Го поминавме заедно со младите од Виница, кои се во фаза на развој како новоформиран одред.



















Камп Основи на извидништво

Целта на кампот беше да се запознаат младите луѓе со извидништвото и да им овозможи да се стекнат со основните извиднички вештини. Преку 50 млади се стекнаа со нови вештини како: врзувањето на јазли, логорски оган, рафтинг, кампување, стреличарство и сл. На овој настан учествуваа извидници и волонтери од Извиднички Одред Еквинокс – Штип, кои беа организатори на истиот преку проектот на ФОСЕ, Армонија – Виница беа домаќини, додека учесници беа ИО Ластовица – Кочани. Настанот се реализираше со волонтерска поддршка од Прв Скопски Извиднички Одред кој беа во функција на ментори и фасилитатори.











Средба на Ровери

Од 30.11 до 02.12 се одржаа Средбата на Ровери од државите на Балканот. Се работеше на темата Цели за одржлив развој, за зголемувањето на свеста за истите кај извидниците и за зајакнување на партнерствата помеѓу државите. Целта на проектот е да се зголеми вклученоста на роверите во извидништвото и целосно да бидат дел од Роверската програма, поддржана од WOSM.











Сојузување

Викендот, 09-11.02.2018, во Извидничкиот Центар во Охрид се одржа средба за старешини, началници и водачи.

Целта на настанот беше да се поврзат извидничките одреди во Македонија и да се вклучат во меѓусебна соработка и споделување на информации и практики за да се зголеми нивото на заеднички активности или да се зајакнат истите. Викендот беше исполнет со различни активности, едукативни работилници, дискусии и споделување на искуства и размислувања. На настанот се креираше акциски план и насоки од одредите за движење на сојузот во наредната година.









Тренинг за диверзитет и инклузија

Од 24-27.05.2018 се одржа првиот тренинг за диверзитет и инклузија кој е дел од стратегијата на WOSM за "Diversity and inclusion in scouting".
Прифаќање на различностите и нивната инклузивност во извидничката програма е тоа што не прави уникатни. Четиридневен тренинг исполнет со забава, практични примери и активности.







Волонтерска забава

На 15ти Декември се одржа традиционалната волонтерска забава на која присуствуваа повеќе од 50 млади, односно волонтери без кои оваа година немаше да биде успешна. Млади кои беспрекорно помагаа во развојот на извидништвото и работеа на реализирање на годишната програма и активностите. Активности како извидничките кола и каравани, па се до двата најголеми настани за оваа година, 12тата извидничка смотра и

европската извидничка академија. Како хајлајт на вечерта, беа наградени 3цата најактивни волонтери за 2018 година, а тоа се Срна Мајсторовиќ – И.П.О Галеб-Скопје, Димитар Тануровски – ПСИО-Скопје и Александра Стојаноска – И.О. Феникс-Прилеп.



Школа за водачи

Главниот настан кој се организираше овој викенд во Извидничкиот Центар Охрид беше Школата за водачи, со цел развивање на кадри за водење на патроли. Учесниците се стекнаа со нови знаења за темите како: Учење преку работа, Мотивација, Комуникација, Духовност, Младинска програма, Одговорност и сл., кои се надеваме дека ќе им помогнат во понатамошниот развој како водачи.

Прогресот на ИО Просперитет

Извидничкиот одред Просперитет од Шуто Оризари постигна значаен напредок во 2018та година. Благодарение на посветеноста на Метју и поддршката од Сојузот, извидниците од Просперитет на 28ми април ги отворија своето ново извидничко домче со што добија нов простор за исполнување на извидничката програма и надградување на извидничките знаења и вештини како и простор за дружба.

Извидниците во текот на летото работеа заедно со Роверските тимови од Франција во реализацијата на активности и работилници во кризниот центар Надеж. А, еден од водачите во ИО Просперитет, Албин, заедно со 5 Ровери од Македонија, во периодот од 22-30 Јули беа на посета во Франција со цел да придонесат во вклучувањето на Ромите во извидништвото.

Покрај учеството на петдневниот тренинг за водачи во Извидничкиот Центар Охрид, мора да се напомене дека беа дел и од 12та смотра на СИМ каде го стекнаа најголемото извидничко искуство и споделија многу искуства и нови знаења со извидници од различни страни на светот.



Награди и признанија

Претседателот на Република Македонија на Сојуз на извидници на Македонија го додели признанието „Повелба на Република Македонија" за време на свечено отворање на Европската извидничка академија 2018. „Вистината никогаш немала толку непријатели како што има денес, во нашево време на лажни вести и војни на перцепции. Јавната пристојност стана исклучок наместо правило. Храброста и истрајноста станаа ретка и скапа работа. Отсуството на одговорност доведе до криза на довербата. Сево ова се коси со принципите врз кои се темели извидништвото, бидејќи извидникот зрачи со доверба", изјави г. Ѓорге Иванов. "Оваа повелба е признание за шест ипол деценискатa напорна работа на Сојуз на извидници на Македонија и мотивација за годините што доаѓаат да продолжиме да креираме општествено подобна младина", изјави претседателот на Сојуз на извидници на Македонија, Огнен Стефановски



Кога една хумана светска организација како Црвениот крст ќе ни додели Благодарница за придонес во процесот на промоција и унапредување на крводарителството на територијата на град Скопје тоа значи дека ја вршиме нашата мисија во правилна насока.



Сојуз на извидници на Македонија е еден од добитниците на наградата за Младински Граѓански учество. „Денешните добитници на наградите се пример за посветеноста која младите луѓе во Македонија ја покажуваат за подобрување на нивните општества и нивната држава", изјави Едвард Гонзалез, Генералниот директор за развој на USAID Macedonia.
Како дел од наградата УСАИД го поддржа сојузот со финансиски средства чија цел беше ребрендирање и воведување на нови кошули кои го означуваат единството во извидничката организација.



По одлука на Одборот на Ознаката за доверба, здружението Конект ја додели Ознаката за доверба на Сојузот на извидници на Македонија. Ознаката за доверба ви се доделува за период од 3 години и тоа од 2018 година до крајот на 2020 година по што организацијата може да ја продолжи ознаката со повторно поминување на процесот на евалуација.



Име на проект	Донатор	Времетраење
Младите и АРМ	Министерство за одбрана на РМ	6 месеци

Целта на проектот беше младите извидници да се запознаат со активностите и функционирањето на Армијата на РМ и зголемена популарност и атрактивен имиџ на армијата помеѓу младите во Македонија.
Активности реализирани како дел од проектот:

- **12та макеоднска извидничка смотра – логистичка соработка и програмски работилници имплементирани од специјалните единици на армијата – 1200 учесници од 17 држави**
- **Државен извиднички ориентацион натпревар – ДИОН 2018, Куманово – 130 извидници учесници во 3 категории**
- **Извиднички караван со активности по примерот на армијата (полигонски, прецизност, издржливост, тимска работа) – Кавадарци, 2018**

Име на проект	Донатор	Времетраење
Имплементација на целите за одржлив развој	Регионален центар за животна средина - Македонија	6 месеци

Целта на проектот беше младите извидници да се здобијат со познавање на целите за одржлив развој на ОН и активно да придонесуваат кон истите. Покасно, да создадат едукативни алатки и да превземаат конкретни активности со директен и видлив импакт кон адресирање на целите за одржлив развој.
Проектот беше поврзан со глобалната стратегија на Светската извидничка организација и заложбата на извидниците на светско ниво да работат во десиминација, ширење и решавање на целите на локално, регионално, национално и интернационално ниво.
Активности реализирани како дел од проектот:

- **Креирана кампања за подигање на свеста за целите за одржлив развој**
- **Работилници за целите за одржлив развој – 2 работилници**
- **Младинска академија 2.0 – 100 учесници**
- **SDG село како дел од 12та македонска извидничка смотра со 17 работилници во текот на целата смотра**

Како резултат на проектот и заинтересираноста на извидниците, голем дел на активностите реализирани во иднина, кампањи реализирани од одредите, се ставени во рамката на целите за одржлив развој и се превземаа активности во таа насока.

Име на проект	Донатор	Времетраење
Младинско учество преку извидништво	УСАИД Македонија	12 месеци

Целта на проектот беше вклученост на младите луѓе да бидат активни граѓани на локално ниво преку групирање и застапување пред носителите на одлуки.
Истото беше постигнато преку зајакнување на вештините на младите во таргетираните општини, чија улога беше идентификување на локални младински проблеми и превземање на активности и иницијативи за нивно делумно или целосно решавање.
Активности реализирани како дел од проектот:

- **Младинска академија 1.2 – време за лидерство, 100 учесници (извидници и млади)**
- **Идентификување на потреби во 6 градови – Скопје, Кичево, Охрид, Прилеп, Кочани, Крива Паланка**
- **Иницијативи во таргетираните градови**
  - **Скопје – "No hate speach" кампања и фарбање на ѕидови со говор на омраза**
  - **Охрид – "Zero hunger" кампања и готвење и донирање на храна на социјално загрозени семејства**
  - **Прилеп – Дигање на еколошка свест, кампања и активности за чистење и садење на дрва**
  - **Кочани – Подигање на свест за квалитет на живот и здрава исхрана, кампања и делење на здрава храна во 5 училишта во Кочани.**

Име на проект	Донатор	Времетраење
Програма за диверзитет и интеркултура	Гласници на мирот	12 месеци

Целта на проектот беше да се таргетира растот на организацијата преку градење на капацитети на извидниците и имплементирање на активности за развој на извидништвото. Истиот се фокусираше за раст на извидништво во Кавадарци, Виница, Дебар, Гостивар и Куманово.
Проектот исто така целеше кон зајакнување на постоечките лидери и зајакнување на возрасните во извидништвото.
Активностите реализирани како дел од проектот:

- **Развивање на ресурси преку кои се зајакнуваат лидерите преку интеркултурна програма и игри**
- **Партнерство со НВО во областа на интеркултурата за ефективно имплементирање на тренинг за тренери, со алатки кои не се користат во извидништвото**
- **Развивање на алатки, публикации, адаптирани игри за извидници итн.**
- **Директна работа со младите, преку денови за вмрежување**

Име на проект	Донатор	Времетраење
Градење на културни мостови помеѓу младите од источна и западна Македонија	Фондација отворено општество Македонија	6 месеци

Преку имплементацијата на проектот во 5 (пет) општини распределени во различни региони во Р.Македонија (Дебар, Куманово, Битола, Виница и Гевгелија) целта беше младите да се вмрежат и интегрираат преку културна програма која активно придонесува во процесите на помирување во Македонија преку овозможување на сигурна средина за интеркултурни активности. Проектот овозможи на младите од наведените региони да се активираат, учествуваат во интеркултурна програма и поставувајќи основа за фасцилитирање на дијалог помегу младите од различните региони кои е базиран на активизам, личен развој и учење на различностите и посебностите на културите во Македонија.

Преку проектот младите испорачаа нови иновативни методи, алатки, и добри практики преку кои имплементираат интеркултурни активности на младите преку неформално образование.

Активности кои се реализираа како дел од проектот:

- **Воспоставување на фокус група во Виница, Дебар, Куманово, Виница, Гевгелија**
- **Интеркултурен подкамп како дел од 12та македонска извидничка смотра – 50 учесници**
- **Подготовка, дизајн, проверка и дисиминација на интеркултурен пакет – алатка за интеркултурно учење**
- **Создавање на само оддржливи младински организации – ИО Армонија, Виница и ИО Молика, Битола**

Име на проект	Донатор	Времетраење
Leadership training fund	Мултикултурализмот како алатка за тренирање на млади лидери	20 месеци

Целта на проектот е младите од различна социјална позадина да ги мотивира да бидат активни лидери кои размислуваат надвор од кутијата и имплементираат програма согласно нивни интереси за деца и млади извидници.

Истото се реализира преку вклучување на повеќе роми во извидништвото преку мотивирани лидери од проектот. Додатно, се води внимание на ставање на значење на интеркултурализмот и различностите преку адаптирана програма која ја реализираат новите водачи.

Активности како дел од проектот:

- **Координација помеѓу извидниците од Франција и Македонија, подготвување на методологија и активности**
- **5 дневен лидерски тренинг, 75 учесници**

- 12та Македонска извидничка смотра, посета на заеднички програмски активности
- Кампување во Франција со деца мигранти, роми. 10 извидници
- Редовни неделни состаноци во Шуто Оризари
- Каравани за промоција на извидништвото, 3 вкупно
- Креирање на правилници

Име на проект	Донатор	Времетраење
Европска младинска академија	Град Скопје	4 месеци

Европска Младинска Академија – Скоп(Је)! беше едукативена национална манифестација која обедини околу 300 млади од Македонија и сите Европски држави во запознавање на градот Скопје, неговата култура традиција и нивно активно вклучување во општествените процеси како активни граѓани и подржувачи на заедницата.

Целокупниот настан ја потикна мобилноста на младите во природа, практикувањето на акции за одржлив развој и физичката активност и спортот како здрави навики за развој на младите.
Преку оваа манифестација младите ученици и широката јавност се запознаа со можностите и вредностите на градот Скопје кон здраво и активно живеење.

Манифестацијта се одржа од 28ми Октомври до 4ти Ноември 2018 година и опфати едукативен дел во кој учествува 214 млади од сите 28 Европски Држави и дополнително 94 млади од градот Скопје и од повеќе градови на Македонија.

Едукативниот дел беше изграден од понуда на 40 тренинг сесии покривајки ги сите актуелни потреби на знаења на младите. Од овие 40 тренинг сесии младите можеа да изберат содржина која е потребна за нив и да се едуцираат соодветно. Преку сесиите беа опфатени сите 17 цели за одржлив развој.

Симболичката рамка на настанот беше промовирање на градот Скопје како град на повеќе култури и традиции и следствено настанот беше брендиран како Зачини на извидништвото, презентирајки различни културни состојки – зачини кој го промовираат градот Скопје но и елементите на извидништвото кои се мешаат низ призмата на култрурата на градот Скопје.

Едукативниот дел беше организран во Хотел Континентал.

Културно- истражувачкиот дел опфати дисциплини од извидничко младински карактер низ кој учесниците ќе се движеа кон исполнување на зададените задачи (движење низ

природа, град Скопје и културните знаменитости).

Културно- истражувачкиот дел низ градот Скопје се одвиваше на 1ви Ноември преку манифестација со која младите се движеа низ патеките и портите на градот Скопје и беа информации за културните богатства на Скопје и можностите за младите во Градот Скопје.

Централна церемонија со младински концерт и саем на организации се одржа на 4 ти Ноември во Хотел Континатал, каде покрај тоа што се презентираат искуствата на Сојузот на Извидници на Македонија му беше доделена награда Повелба на Македонија од страна на Претседателот на Република Макиедонија – Г-дин Ѓорѓе Иванов.

